РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк МАВРОВО
Бр. 04-525/1
18.05 2026 год.
Маврови Анови

Врз основа на член 45 страв 1 од Законот за административни службеници (,,Сл.весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Јавната Установа Национален парк Маврово на ден 18.05.2026 година донесе :

**О Д Л У К А**
**За невршење избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за работно место **НАП 0102Г01004, Самостоен референт – Сметководител, Одделение за финансиско работење**, во Јавна Установа Национален парк Маврово по јавен оглас број 232/2026.
2. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за Администрацина по барање на Јавната Установа Национален парк Маврово на ден 09.04.2026 година во дневните весници ,,Нова Македонија", ,,Вечер" и ,,Коха", како и на веб страницата на Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 232/2026 за вработување на еден административен службеник, за работно место **НАП 0102Г01004, Самостоен референт – Сметководител, Одделение за финансиско работење.**

Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција согласно Записник број 10-962/6 од 24.04.2026 година, спроведе испит за административен службеник согласно Записник број 10-962/8 од 11.05.2026 година и спроведе и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, согласно Записник број 10-962/9 од 12.05.2026 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција, изготви Конечна ранг-листа и Предлог број 10-962/10 од 12.05.2026 година, за вработување на кандидат по Јавен оглас број 232/2026, кој во законски рок го достави до Јавната Установа Национален парк Маврово.

Во предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас број 232/2026, за работното место за работно место НАП 0102Г01004, Самостоен референт – Сметководител, Одделение за финансиско работење, нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Изработил:Адмир Мусаи**

**Јавна Установа Национален парк Маврово**
**Директор**
**Харис ИБРАИМИ**

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк Маврово
Маврови Анови
1